РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-4901/26
07. 12. 2020 .2020 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање , Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе :

# ОДЛУКА

**за неприменување избор на кандидатот по интерен оглас бр.2/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање**

1.**НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидатот **Авни Реџепи** за работното место–**Советник за подготовка на законски решенија од областа клима**, Одделение за политики во климатските промени, Сектор за одржлив развој и инвестиции-1 (еден) извршител, интерен оглас бр.2/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 04-413/13 од 08.10.2020 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-4901/1 од 23.11.2020 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 2/2020 за унапредување на 5 (пет) административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање, објавен на ден 26.11.2020 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и

на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници Министерството за животна средина и просторно планирање на работно место: –**Советник за подготовка на законски решенија од областа клима, Одделение за политики во климатските промени**, Сектор за одржлив развој и инвестиции-1 (**еден**) **извршител**, комисија формирана од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-4901/11 од 02.12.2020 година, направи административна селекција согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање. Комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 2/2020 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-4901/16 од 04.12.2020 година со што се констатира кои кандидати продолжуват на интервју.

По завршената административна селекција, Комисијата пристапи кон спроведување на интервју и со записник бр.04-4901/19 од 04.12.2020 година констатирано е дека лицето Авни Реџепи иако беше уреден кандидат не се појави на интервју.

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
КАЈА ШУКОВА

*ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*